Акциите се краткотрајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа.Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште (на пример, акција за чистење во пошироката околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во со-седството итн.) Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од една паралелка, група ученици од една година/одделение или еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената/целта на самата акција.

Планирање и организирање на акциите.

Акциите може да ги иницира училиштето (раководството, стручната служба или наставниците) или ученичките тела, по спроведена анкета меѓу учениците. Раководството на училиштето, во соработка со наставниците и со претставниците на ученичките тела, ги избира акциите што ќе бидат спроведени во текот на конкретната учебна година и ги вклучува во Годишната програма за работа на училиштето.

| **План за организирање на еколошки акции** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Време на реализација** | **Содржина** | **Име и презиме на лица задолжени за реализација на акциите** | **Паралелки-ученици вклучени во акцијата** | **Потребни средства ,материјали и извори** |
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија | Директор,Стручна служба,Љупка Миленковиќ Живковиќ-наставник по географија,сите одделенски и предметни наставници | 23 паралелки Ученици од прво до деветто одделение | Материјално-технички средства,доброволни прилози,донации,подароци(во пари,добра,имотни права)завештанија и легати.Може да се добијат и средства од буџетот на Општината |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите | | | |
| 7 април | Светски ден на здравјето | | | |
| 22 април | Светски ден на планетата | | | |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата | | | |
| 31 мај | Светски ден против пушењето | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина | | | |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка | | | |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили | | | |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата | | | |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците | | | |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната | | | |
| Ден на акција на еко –училиштата -се реализира два пати во текот на една учебна година | | | | |

| **План за организирање на базари,хепенинзи,хуманитарни настани,акции и сл.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Содржини** | | **Име и презиме на лица задолжени за реализација на акциите** | **Време на реализациј а** | **Паралелки -ученици вклучени во акцијата** | **Потребни средства ,материјали и извори** |
| Изготвување на стратегија за спроведување активности поврзани со општествено-хуманитарна работа во училиштето | Формирање на тим за општествено-хуманитарна работа<br><br>Изготвување на годишна програма за работа на тимот | Стручни соработници<br><br>Одделенски и предметни наставници<br><br>Одделенски раководители | Август | 23 паралелки Ученици од прво до деветто одделение | Материјално-технички средства<br><br>доброволни прилози,донации,подароци(во пари,добра,имотни права)завештанија и легати.Може да се добијат и средства од буџетот на Општината |
| Идентификување на учениците од социјално загрозени семејства | Изготвување на списоци со социјално загрозени ученици и увидување на материјалната состојба на нивните семејства | Директор<br><br>Стручни соработници<br><br>Одделенски и предметни наставници<br><br>Одделенски раководители | Септември | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Континуирана поддршка на учениците од социјално загрозени семејства | Организирање собирни хуманитарни акции за учениците од социјално загрозените семејства (облека и парични средства) | Директор<br>Стручни соработници<br>Одделенски и предметни наставници<br>Одделенски раководители | Во тек на годината | | |
| Организирање на хуманитарни акции | Соработка со релевантни институции (Центар за Социјални работи, социјални патролни работници, Црвениот Крст на Македонија, центар за рехабилитација, дом за деца без родители.... | Локална средина , директор, стручна служба, наставници, родители ,<br>ученици | Во тек на годината | | |
| Подобрување на квалитетот на престој во училиштето | Организирање на базари | Ученици, одделенски раководители и родители | Во тек на годината | | |
| Вклучување на локалната заедница, стопанските и производствени субјекти и родителите на учениците | Учество на локалната заедница, компаниите и родителите во активностите од општествен и хуманитарен карактер | Директор<br>Стручни соработници<br>Одделенски и предметни наставници<br>Одделенски раководители | Во тек на годината | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбележување на значајни настани, празници и јубилеи преку организирање хуманитарни акции | Организирање манифестации и хепенинзи | Ученици Директор<br>Стручни соработници<br>Одделенски и предметни наставници<br>Одделенски раководители | Во тек на годината | | |
| Анализа за спроведените активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето | Изготвување на годишен извештај за работа на тимот | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд. раководители | Јуни | | |

Тим за следење на акциите(базари, хепенинзи, хуманитарни настани,еколошки акции и сл.)

1.Тамара Зечевиќ-родител
2.-родител

3. Љупка Живковиќ-предметен наставник

4. Љубица Печевска-одделенски наставник

5. Катерина Костовска-одделенски наставник

6. Љиљана Ристоска-предметен наставник

7.Христина Нанчовска-одделенски наставник

8.Билјана Нелоска –одделенски наставник

9.Росе Ристујчин-предметен наставник

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање се остварува преку формирање на ученички тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичките тела се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесувањето одлуки од сите сфери на дејствување во училиштето што се од интерес на учениците, особено кога се работи за обезбдување заштита на правата на децата во рамките на училиштето. Според Законот за основно образование од 2019 година (член 68), за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и Ученички парламент.Заедницата на паралелка ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател (со тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката). Ученичкиот парламент го сочинуват претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови, по демократски пат (со мнозинство гласови од тајно гласање) се избира претседател на ученичкиот парламент.

Законот за основно образование (2019) предвидува и воспоставување на ученички правобранител чија задача е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Својата функција ја остварува во партнерство со стручната служба, преку промовирање на детските права (со помош на организирање ед-кативни работилници, дебати, инфо-денови итн.) и преку давање поддршка за заштита на детските права (со помош на регистрирање на прекршу-вањата на детските права и нивно проследување до стручната служба). Предвидено е ученичкиот правобранител да го избираат учениците од VII-IX одделение, со тајно гласање.

Ученичкиот парламент:
– активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
– го промовира ученичкиот активизам,
– учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
– учествува во подготовката на годишната програма за работа,
– дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
– дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
– дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
– учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
– преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
– организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

## Членови на Ученички парламент

| Ред.бр. | Одделение | Име и презиме на претседателите (делегати) |
|---|---|---|
| 1. | IIIa | Теодора Георгиев |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | IIIб | Елена Бадаровска |
| 3. | IIIв | Агата Матевска |
| 4. | IVа | Теона Балиска |
| 5. | IVб | Никола Бадаровски |
| 6. | IVв | Марко Дојчиновски |
| 7. | Vа | Јана Марковска |
| 8. | Vб | Петар Василевски |
| 9. | VIа | Бистра Груевска |
| 10. | VIб | Дамјан Ѓуроски |
| 11. | VIIа | Викторија Филева |
| 12. | VIIб | Мартин Стојановски |
| 13. | VIIв | Калина Стојчевска |
| 14. | VIIIа | Фросина Пејоска–претседател |
| 15. | VIIIб | Ана Петрова |
| 16. | VIIIв | Јована Николовска |
| 17. | IXа | Красна Каранфилова |
| 18. | IXб | Вања Трајкоски |
| 19. | Iа | Бојана Роглева |
| 20. | Iб | Кристијан Ристовски |
| 21 | Iв | Наталија Георгиевска |
| 22. | IIа | Мила Цирковска |
| 23. | IIб | Јон Павловски |

**План за работа на Ученички парламент**

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Време на реализација | Очекувани исходи | Потребни средства ,материјали и извори |
|---|---|---|---|---|---|
| -Избор на претседателство - Конституирањ | Осмислување на работата на ученичкиот | -Психолог | Септември | -Избрано претседателство | Материјално-технички средства<br>доброволни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| е на Ученичкиот парламент и за оваа учебна година<br><br>-Изработка на програма за активностите | парламент | | | -Изготвена програма за активностите | прилози,донации,подароци(во пари,добра,имотни права)завештанија и легати.Може да се добијат и средства од буџетот на Општината |
| -Запознавање на учениците со етичкиот кодекс на однесување на учениците | Информирање на учениците за споменатиот кодекс на однесување | -Одговорни наставници<br><br>-Ученици | Октомври | -Информирани ученици за етичкиот кодекс на однесување на учениците | |
| -Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците<br><br>-Истакнување на потребата од помош на учениците кои послабо го владеат наставното градиво (инструктивна настава) | Известување за успехот на учениците | -Наставници<br><br>-Ученици | Ноември | -Постигнување на подобар успех | |
| -Усогласување и координирање на работата на ученичките заедници и давање насоки запонатамошно работење<br><br>-Анализа и еваулација на училишната (социо-емоционалната) клима и односите во | -Усогласување на работата на ученичките заедници<br><br>-Констатирање на училишната (социо-емоционална) клима во училиштето | -Ученици<br><br>-Одговорни наставници<br><br>-Ученици | Декември | -Подобрување на работата на одделенските заедници<br><br>-Подобрување на училишната клима | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| училиштето | | | | | |
| -Полугодишен извештај за работата на ученичкиот парламент | Запознавање со содржината на извештајот | - Раководство | Јануари | -Постигнување на креативно размислување | |
| -Примена на ИКТ во наставата;<br><br>-Размена на искуства од работата со компјутерите<br><br>-Утврдување на кохезија и тензија во одделението | -Запознавање со работата со компјутерите утврдување на интерперсоналните односи во одделението | - Одговорен наставник<br><br>- Ученици | Февруари | - Правилно користење на компјутерите<br><br>- Согледување на меѓусебните односи во одделението | |
| - Организирање на еколошка акција по повод 21 Март<br><br>-Денот на екологијата<br><br>- Договор за спроведување на училишен хепенинг | -Реализација на<br><br>еколошка акција<br><br>-Информирање на<br><br>Учениците | - Одговорни наставници<br><br>- Ученици | Март | -Успешно изведена еколошка акција<br><br>-Развивање на предприемничките вештини | |
| - Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците<br><br>-Разговор за тестирања<br><br>- Професионална ориентација | - Запознавање со тестирање на ученици | - Педагошка служба | Април | -Успешно спроведување на тестирања | |
| - Подготовка и давање на предлози за | - Известување за организирани активности | - Педагошко психолошк | Мај | - Добро организиран патронат | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Денот на училиштето<br><br>- Известување за полуматурска забава | - Известување за спроведување на забавата | а служба<br><br>- Наставници<br><br>- Ученици<br><br>- Комисија на<br><br>Наставници | | - Добра организација на полуматурската прослава | |

**План за работа на ученички правобранител**

Септември -Запознавање со задачите и работата.Октомври ¬ Ученичката заедница како работен колектив во кој секој придонесува за попријатна атмосфера. ¬ Редовност и дисциплина. Ноември ¬ Однесување на учениците во училиштето и на јавни места. ¬ Како да се подобрат работните навики, работната дисциплина и условите за работа во училиштето. Декември ¬ Разговор на тема: Добиените оценки се резултат на моето учење. Како да го подобриме успехот? ¬ Разговор за полугодишниот успех на учениците. ¬ Активности за подготовка на реализирање на Новогодишниот Базар во училиштето. Јануари ¬ Разговор на тема: Треба да го чуваме угледот на училиштето, да се грижиме за редот, дисциплината и училишниот инвентар. Февруари ¬ Разговор на тема: Поттикнување и помош на помалку успешните ученици во наставата. ¬ Одговорност за постапките и делата. Март ¬ Проблеми во одделението како единка и како да ги решиме. Одбележување на Денот на екологијата. ¬ Предавање за заштита од алкохол, дрога и пушење. Април ¬ Разговор на тема: Подигање на еколошката свест и остварување на ЕКО стандардите во училиштето. ¬ Одбележување на 1април – Денот на шегата. Мај ¬ Разгледување на успехот и поведението на учениците пред крајот на учебната година. ¬ Анализа на работата на ученичкиот парламент.

## 11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Излетите,екскурзиите и наставата во природа се организираат или за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-

образовни подрачја и наставни предмети (какви што се, на пример, оние што вклучуваат посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење), или за спортување, рекреација и дружење. Често може да вклучуваат и комбинација од наведените цели.

Стручен тим за изработка на програмата за организација и изведување на екскурзии,излети и други вонучилишни активности

1.Катерина Ташкова – директор

2.Лазе Смилески

3.Зоран Петровски

4.Тијана Бајрактарска

5.Маја Лазаревска

6.Павлинка Манолева Иванова

7.Марина Јачоска

8.Христина Нанчоска

| **Вонучилишни активности** | **Одделение** |
|---|---|
| Еднодневна екскурзија | III |
| Дводневна екскурзија | VI |
| Тридневна екскурзија | IX |
| Тридневна настава во природа | V |
| Пролетен излет | I-IX |
| Есенски излет | I-IX |
| Летовање | I-IX |
| Зимовање | I-IX |

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности /

## 11. Натпревари за учениците

За учениците кои покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари.

***Ученичкитенатпревари*** во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух,  да се прошират  и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на :

- училишни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни   натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира, во кој период од учебната година, кој  ученик може да учествува во натпреварот.

Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната,  литературната, рецитаторската секција, хорот и  оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

Најдобрите ученици земаат учество на регионални, општински, градски и републички натпревари покажувајќи ги своите квалитети. Нашите ученици учествуваат на сите натпревари по сите предмети организирани од акредитирани здруженија. Училиштето обезбедува средства за учество на натпреварите и тимска поддршка на натпреварувачите и нивните ментори. По сите наставни предмети се реализираат училишни натпревари.

ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ

- ПЛАН
  - Планирано реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од IV до IX одд.
  - Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.
  - Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со пошироки сознанија.

- Навремено информирање за одржување на училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување. 〉 Спроведување на натпреварите.
- Истакнување на резултатите.
- Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг.

➢ ПРОПОЗИЦИИ
- Ученикот има право да се пријави најмногу на три училишни натпревари, односно само на три наставни предмети.
- Ученикот во согласност со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество.
- Наставникот- ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина.

➢ НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ
- Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците.
- Навремено истакнување на резултатите (7 дена по одржаниот натпревар).
- Усна информација за резултатите пред сите учесници во натпреварот.
- Ранг листа да се предаде на одговорниот наставник .
- Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар.

➢ СПРОВЕДУВАЊЕ
- Да се изготви список кои ученици ќе учествуваат на натпреварот.
- Да се избере комисија од соодветни предметни - одделенски наставници.
- Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар.
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците.
- Присуство на комисијата на самиот натпревар. 〉

➢ АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ
- Наставникот - ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотиии на ученикот.

- Секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара папка во која се забележуваат подготвителните активности. 〉
- Навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг.

ПРОТОКОЛ ЗА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

- Место на одржување на ученички натпревари: Слободна училница .
- На натпреварот се пријавуваат ученици по сопствен избор, исто така одделенските – предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари.
- На планот кој ќе се приложи да се вметнат време на реализација (датумите на одржување) на натпреварите да се внимава да нема совпаѓање на датуми во ист ден.
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците по кој предмет ќе се организира натпреварот, кое одделение, часот на одржување и местото на одржување.
- Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници.
- Учениците имаат право да се пријават најмногу на три училишни натпревари, односно само по три наставни предмети.
- Учениците кои ќе освојат 1, 2, 3 место да бидат на соодветен начин наградени (задолжително пофалница), наградите да бидат унифицирани за сите ученици.
- Одделенскиот наставник кој бил во комисијата, а кои се горенаведени треба да изготват: Список на учениците кои учествувале во натпревар (три списоци), едниот список да биде вметнат во папката за соопштенија, вториот да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место)
- Одделенските наставници кои биле во комисијата, а кои се горенаведени треба да предадат на одговорниот на Стручен актив:
- Список на учениците кои учествувале во натпревар (трет список)
- Одговорните кои изготвуваат тестови – еден празен пример од тестот.
- На одделенските часови учениците да бидат запознаени со протоколот и планот за училишните натпревари.

| **Натпревар** | **Училишен** | **Општински** | **Регионален** | **Државен** | **Меѓународен** |
|---|---|---|---|---|---|

| **Предмет** | Англиски јазик<br>Македонски јазик<br>Германски јазик<br>Историја<br>Математика<br>Географија<br>Биологија<br>Хемија<br>Физика<br>Природни науки<br>Хор<br>Оркестар<br>Физичко и здравствено образование<br>Ликовно образование | Англиски јазик<br>Македонски јазик<br>Германски јазик<br>Историја<br>Математика<br>Географија<br>Биологија<br>Хемија<br>Физика<br>Природни науки<br>Хор<br>Оркестар<br>Физичко и здравствено образование<br>Ликовно образование | Англиски јазик<br>Македонски јазик<br>Германски јазик<br>Историја<br>Математика<br>Географија<br>Биологија<br>Хемија<br>Физика<br>Природни науки<br>Хор<br>Оркестар<br>Физичко и здравствено образование<br>Ликовно образование | Англиски јазик<br>Македонски јазик<br>Германски јазик<br>Историја<br>Математика<br>Географија<br>Биологија<br>Хемија<br>Физика<br>Природни науки<br>Хор<br>Оркестар<br>Физичко и здравствено образование<br>Ликовно образование | Ликовно образование |
|---|---|---|---|---|---|

Имиња на ученици за кои ќе се обезбеди тимска поддршка од наставници ќе бидат истакнати во полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето.

Финансиски план за реализација и поддршка од Советот на родители ќе се изработи од тим од училиштето.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно кое препознава дека целото е богато со многу составни делови.

Мултикултурното образование ги вклучува следниве пет димензии: Интеграција на содржина, Процес на создавање знаење, Намалување на предрасудите, Педагогија на праведности и Поттикнувачка училишна култура и структура.

Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најбројни се Македонците. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици

без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

***Тим за училишна интеграција -*** Снежана Вачкова, Росе Ристујчин, Билјана Стрезовска***,*** Дарко Наумоски, Елена Смугревска, Елизабета Милевска Бакија, Зорица Јаневска – психолог, претставник од училишен парламент и ученички правобранител

***План на активности*** - Во училиштето ќе се организират повеќе наставни и вonнаставни проектни активности во кои ќе бидат вклучени ученици од I до IX одделение:

- давање на задолженија и одговорности на членовите на тимот според МИО активностите
- усвоената Годишна програма содржи план за акција кој посочува на конкретните самостојни и заеднички активности на училиштето
- подготвување на акциони планови за секоја предвидена конкретна активност
- разгледување на примери на успешни практики за време на состаноците на стручните активи
- обезбедена е евиденција и докази за спроведените самостојни активности на училиштето и на заедничките активности
- редовни извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори и доставени до тимовите за успешна интеграција
- континуирано истакнување информации на табла во наставничката канцеларија за реализацијата на активностите
- Промовирање на релизираните активности (самостојни работилници од ОЖВ, Дебата за мултикултурализмот..) преку континуирано ажурирање на информации на порталот за МИО на училишната веб страница
- договор(консултативно-информативен разговор со членовите на тимот) за начинот на водењена професионално портфолио

- прибирање на успешни практики (трудови и др.докази) од страна на наставниците

Во активностите исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот. Преку овие активности кај учениците ќе се развива зајакне свеста на меѓусебно разбирање и почит кон сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници.

***Потребни средства за реализирање на активностите –*** За реализацицијa на активностите не се потребни големи финансиски средства. Потребните се средства за : потрошен материјал – тонер, хамер, хартија, боици...) ќе ги обезбеди училиштето.

***Начин на обезбедување на финансиски средства –*** Локалната самоуправа, донации, спонзорства, базари, акции.

***Соработка со друго училиште со друг етнитет*** - Училиштето има партнер-училиште и соработува со него, за да ги сузбие стереотипите и предрасудите.
Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др.
Во училиштето ќе се реализираат разни видови тематски приредби, екскурзии, претстави, маскенбали и забави преку кои учениците ќе осознаат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници.
Ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општината и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги споменеме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, есенски крос, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани.
Дел од активностите на проектот се реализираат во рамките на работата на Училишната заедница на училиштето и нејзините тела.

Глобалното планирање за меѓуетничка интеграција во образованието е дадено во **прилог.**

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата.

Во нашето училиште се реализират следните проекти:

- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;
- Зелен пакет јуниор;
- Проект за меѓуетничка интеграција  во образованието,
- Проект за здравствено просветување на младите;
- Намалување на насилството во училиштата;
- Безбедност на интернет;
- Еко градина (училишен двор и зелено катче)
- Здрава храна;
- Убавините на континентите преку интегрирање на програмите;
- Училиштето катче за љубов и соработка;
- Проект за културни посети на музеи, библиотеки, изложби, театарски и кино престави,
- Проект за развивање на еколошка свест и култура;
- Проект за реализирање добри практики;
- Проект - Вело училишта.
- ,, Да, ти можеш''
- Вештини за адолесценција
- Микробит,Училиште на 21 век
- Зелени стапалчиња
- Граѓанско образование
- Избери го вистинскиот спорт
- Стоп за насилство-избери другар на месецот
- Зелен лист воздух чист
- Зависност од социјални  мрежи/изработка на апликација JOMO
- Биди еко херој на планетата
- Од буква по буква до писател
- Спорт за развој

- Спорт за сите
- Зависност од социјални мрежи/изработка на апликација JOMO
- Антикорупциска едукација

| НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ | ЦЕЛИ | ИСХОД | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ВКЛУЧЕНИОТ НАСТАВНИК/ЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ КОГА СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ | СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ |
|---|---|---|---|---|---|
| Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем | Развивање на еколошка свест кај учениците | Развиена еколошка свест кај учениците | Сите наставници кои предаваат од I до IX одделение | Во текот на учебната година | МОН; БРО |
| Зелен пакет јуниор | Развивање на еколошка свест кај учениците | Развиена еколошка свест кај учениците | Сите наставници кои предаваат од I до V одделение | Во текот на учебната година | МОН; БРО |
| Проект за меѓуетничка интеграција во образованието | Соработка и почитување на мултиетничката заедница | Развиена соработка и почитување на мултиетничката заедница | Наставници, психологот Зорица Јаневска | Во текот на учебната година | БРО, МЦГО, УСАИД, МОН |
| Проект за здравствено просветување на младите | Учениците да создаваат здравствена култура | Развивање на здравствена култура кај учениците | Стручна служба и наставници | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| Намалување на насилството во училиштата | Да се намали насилството во училиштето | Безбедна училишна средина | Наставници, педагог, психолог | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| Интернет на улица | Безбедно користење на интернет | Ученицит безбедно го користат интернетот | Јелена Зврцинова | Во текот на учебната година | Интерен проект , подржан од Општина Карпош |
| Еко градина (училишен двор и зелено катче) | Да развиваат на чувство за здрава еколошка средина | Развиваат чувство за здрава еколошка средина | Анета Ристовска, Александра Антевска, Светлана Трајковска | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| ПЕТ | Учлениците да стекнуваат навика да селектираат отпад | Учениците стекнуваат навика да селектираат отпад | Сите наставници | Во текот на учебната година | Општина Карпош |
| Здрава храна | Учениците да знаат која храна е здрава и стекнат навика за здрава храна | Учениците знаат која храна е здрава и стекнуваат навика за здрава храна | Педагог – Татјана Неческа | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| Убавините на континентите | Учениците да се запознаат со | Поттикнат интерес кај | Педагог – Татјана | Во текот на учебната | Интерен проект |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| преку интегрирање на програмите | географијата и историјата на континентите | учениците за истражување и збогатување на сопственото знаења за континентите | Неческа | година | |
| Училиштето катче за љубов и соработка | Поттикнување на позитивни чувства меѓу учениците | Поголема почит и љубов во училиштето | Педагог – Татјана Неческа | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| Проект за културни посети на музеи, библиотеки, изложби, театарски и кино престави | Да се развиваат кај учениците навики за посета на културни институции и манифестации | Учениците имаат развиено навики за посета на културни институции и манифестации | Наставници – Снежана Вачкова и Александра Антевска | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| Проект за развивање на еколошка свест и култура | Учениците да развива еколошка свест | Учениците почнуваат да развива еколошка свест | Педагог – Татјана Неческа и наставник – Љупка Миленковиќ | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| Проект за реализирање добри практики | Проширување на знаењата и искуствата на наставниците | Поквалитетна настава | Наставник - Светлана Софијаноска | Во текот на учебната година | Интерен проект |
| Проект - Вело училишта | Промовирањена велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз на учениците во РСМ | Промовиран велосипедизмот како безбеден, здрав и алтернативен начин на превоз на учениците во РСМ | Наставници – Светлана Софијаноска и Лазе Смилески | Во текот на учебната година | Зружение за заштита и унапредување на животната средина „Еко логик Скопје |
| Вештини за адолесценција | Развој на физичко и псхичко здравје | Справување со секојдневните предизвици ксј младите | Наставници - Јадранка Симитковска, Јелена Зврцинова, Марина Јачоска, Љиљана Ристоски | Во текот на учебната година | МОН ,LIOUSQUEST |
| Зависност од социјални мрежи/изработка на апликација JOMO | Да се развие свест за зависноста од социјалните мрежи | Способност за детекција на прекувремено користење на социјални мрежи | Наставник- Љупка Миленковиќ Живковиќ | Во текот на учебната година | УНИЦЕФ,Фонд за иновации и технолошки развој ,имплементиран од ЦЕЕД Македонија |
| Микробит,Училиште на 21 век | Да создадеме училиште на 21 век | Современо училиште на 21 век | Наставници – Росе Рустијчин, Љупка Живковиќ, Жаклина Трајкоска, Билјана Алексоска Љиљана Ристоска | Во текот на учебната година | BRITISH COUNCIL |
| Зелени | Учениците да ја развијат свеста | Учениците развиаат свеста | Билјана Нелоска | Во текот на првото | Општина Карпош |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| стапалчиња | за зачување на животната средина | за зачување на животната средина | | полугодие | |
| Граѓанско образование | Учениците да се почитуваат меѓусебе почитувајќи ги меѓусебните разлики(физички изглед, боја...итн) | Учениците се почитуваат меѓусебе почитувајќи ги меѓусебните разлики | Психолог - Зорица Јаневска Наставници - Снежана Вчкова и Билјана Смилеска | Во текот на учебната година | БРО |
| Избери го вистинскиот спорт | Учениците да го одберат вистинскиот спорт за нив желби и способности | Учениците стекнуваа знаења како да го одберат вистинскиот спорт | Сите одделенски и предметни наставници | Во текот на учебната година | Сојуз на спортски федерации |
| Стоп за насилство-избери другар на месецот | Намалување на насилството меѓу учениците | Намалено насилство меѓу учениците | Педагог – Татјана Неческа и сите наставници | Во текот на учебната година | Интерен |
| Зелен лист воздух чист | Развивање еколошка свест | Развиена еколошка свест | Министерство за екологија и животна средина | Во текот на учебната година | Влада на РСМ и Министерство за екологија и животна средина |
| Биди еко херој на планетата | Да селектира отпад | Развива чувство за правилна селекција на отпад | Сите наставници | Во текот на учебната година | Општина Карпош, 4 Select, Пакомак и 0-отпад |
| „ Да, ти можеш” | Развој на социемоционални вештини | Развој на социемоционални вештини | Наставник Танка Хаџи-Тоневска и педагог Татјана Неческа | Во текот на учебната година | МОН, БРО, CHRCR,Светска банка |
| Спорт за развој | Учениците да создаваат секојдневни здрави физички активности | Создадени секојдневни физички активности кај учениците | Светлана Софијаноска | Во текот на учебната година | Општина Карпош |
| Спорт за сите | Да се развие свест за родова рамноправност преку спортски активности | Развивање на свест за родова рамноправност преку спортски активности | Александра Антевска | Во текот на учебната година | Општина Карпош |
| Антикорупциска едукација | Да се развие свест за корупција | Развивање на свест за корупција | Тим за антикорупција | Во текот на учебната година | ООУ,, Војдан Чернодрински” |

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

ТИМ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Катерина Ташкова-директор

Татјана Неческа-педагог

Зорица Јанеска-психолог

Маја Лазаревска- одделенски наставник

Јадранка Крстевска -предметен наставник

Лидија Величковска-претставник од Совет на родители

Фросина Пејоска-претставник од Ученички парламент

15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години station наназад.

Постигањата според полот се следат врз основа на позитивни / негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни и ученици со слаби оцени. Врз основа на направената анализа во последните четири години констатирано е дека девојчињата постигнуваат подобар успех од момчињата.
Иако училиштето нема бројни ученици со друга етничка припадност сепак средниот успех на учениците се проследува и според оваа компонента.

За учениците ( кои нумерички се оценуваат) во текот на учебна 2020/21година, можеме да констатираме дека најдобар среден успех постигнуваат учениците од IVа,б - (5,00).Во предметна настава односно од VI до IX одделение, најдобар успех постигнале учениците одVIб,VIIа, IXа со среден успех 4,97, додека најдолу на ранг-листата за постигнати успеси се наоѓа VIIIб одд. со среден успех 4,78.Просечниот успех на учениците од IV до IX одделение, во текот на оваа учебна година изнесува 4,95. Споредено со учебната 2016/17којизнесуваше(4,87), за учебна 2017/18кој изнесуваше (4,88), за учебна 2018/19кој изнесуваше(4,92)се забележува тренд на подобрување на успехот .
Табела на среден успех за учебната 2021-2022 година по предмети

| Предмет | Среден успех за 2021/22 |
|---|---|
| Македонски ј. | 4,83 |
| Математика | 4,84 |

| | |
|---|---|
| Биологија | 4,85 |
| Географија | 4,84 |
| Историја | 4,65 |
| Физика | 4,92 |
| Хемија | 4,82 |
| Англиски ј. | 4,91 |
| Германски ј. | 4,50 |
| Музичкообразование | 4,92 |
| Ликовно образование | 4,98 |
| Физичко и здравствено образование | 5,00 |
| Т.О. | 4,95 |
| Информатика | 4,93 |
| Творештво | 5,00 |
| Граѓанско образ. | 5,00 |
| Вештини за живеење | 5,00 |
| Етика | 5,00 |
| Природни науки | 4,96 |
| Општество | 4,91 |
| Класична култура во европската цивилизација | 4,96 |
| Природни науки и техника | / |
| Програмирање/Проекти од информатика | 5,00 |
| Работасокомпјутери и програмирање | 5,00 |
| Иновации | 5,00 |
| Проекти од музичка уметност | 5,00 |
| Танци и народни ора | 5,00 |
| Истражување на родниот крај | / |
| Запознавање со религиите | 5,00 |
| Т.О. изборен | 5,00 |

| | |
|---|---|
| Образование за животни вештини IVодд | 5,00 |
| Математичко логичко резонирање | 5,00 |

Со цел подобрување на резултатите во постигањата на учениците училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и воннаставни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за воннаставни активности во рамките на една паралелка.

Училиштето има изготвено процедура за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето:

- Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за работа со истите;

- Стручните соработници преку разговори со одделенските наставници/раководители ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето;

- Континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личниот развој на овие ученици преку советодавно-консултативна работа со нив, наставниците и нивните родители/старатели;

- Во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период се следат индивидуалните постигања, односно успехот на овие ученици;

- Со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците тимот за поддршка во кој се вклучени и стручните соработници редовно остварува соработка со релевантни институции (Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, социјални патролни работници, Советодавен центар за работа со родители и деца, Црвен крст на РСМ)...

Програмата за откривање и грижа за ученици со потешкотии во учењето е дадена во **прилог**.

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе негативни оценки ,имаат повеќе од десет неоправдани изостаноци и нередовно посетување на наставата се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Покрај групно советување на родителите, учениците добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал.

Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето посветува особено внимание на *промовирањата на постигнувањата на учениците* и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку вонаставните активности. Преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Училиштето редовно ги промовира своите постигања преку учество во контактно-училишната емисија „Ѕвон” на МРТВ, весникот и веб страните на училиштето и на општината. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и хепенинзи, како што се: ликовниот конкурс на ниво на град Скопје, „Приватноста е моја иако сум дете”, Меѓународната детска изложба „13 Ноември“, Детската изложба „Ликовен хепенинг “, ликовна колонија „Св.Пантелејмон“ и др.

Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи резултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи и јавно се пофалуваат.

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето се спроведува следната *процедура за наградување ученици:*

- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;

- ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни,

литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и

давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во

разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);

- предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;

- на ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;

- ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);

- пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;

- за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација.

ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ И ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

| **АКТИВНОСТИ** | **ЦЕЛИ** | **Реализација** | **Одговорни лица** | **ИНДИКАТОРИ/ДОКАЗИ/ ФОРМИ/МЕТОДИ** | **СЛЕДЕЊЕ/ Повратна информација** |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање тим за следење и евалуација на постигањата на учениците | Следење на постигањата на учениците во учебната | Во текот на учебната година | Членови на тимот; Стручна служба<br>Директор | Евиденција на наставници<br>Евиденција на педагог<br>Евидентни листови за успехот на учениците | Записници од одделенски и наставнички совет |
| Идентификување на когнитивни способности на учениците | Идентификување на надарени, ученици со пречки во развој и ученици со потешкотии во учењето | Во текот на годината | Наставници, Родители<br>Стручна служба, УИТ, ИТУ на ученици со ПОП | Евиденција на педагогот<br>Групна индивидуална<br>Разговор/ тестови | Извештај од спроведена активност |
| Идентификување на ученици кои нередовно посетуваат наставата, значително го намалуваат училишниот успех или пројавуваат несоодветно | Поддршка и развој на силни страни на ученици кои имаат потешкотии со учењето, несоодветно однесување и слаб училишен | Во текот на годината | Ученици<br>Наставници<br>Инклузивен тим<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | Евиденција на педагогот<br>Групна индивидуална<br>Разговор/ тестови/ набљудување/ работа со ученици | Извештаи од спроведени активности со учениците. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| однесување и давање на поддршка на овие ученици | успех | | | | |
| Посета на часови – анализа на вклученост на учениците во активностите на часот и ефекти од применети методи врз напредок на поедини ученици | Идентификување и поддршка на ученици кои имаат потешкотии со учење, несоодветно однесување и слаб училишен успех | Во текот на годината | Директор<br>Наставници<br>Инклузивен тим<br>Стручна служба | Записници од посета на час, евиденција на педагогот<br>Набљудување/ разговори со ученици/наставници | Извештаи од посети на часови. Консултации со наставникот по посетениот час. |
| Како да ги подобриме постигнувањата при учење од далечина | Унапредување на работа на ученички заедници и Ученички парламент | 12.2022 | Ученички заедници на паралелки, Наставници<br>Ученички парламент<br>Стручна служба | Евиденција на ученичка заедница.<br>Групна/Трибина/ Разговори. | Извештај од спроведена активност. |
| Утврдување на причини за слаб успех и напредок на ученици со потешкотии во учење, советувања на учениците | Поддршка на ученици во учење и подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Ученици, Наставници<br>Родители, Стручна служба, Инклузивен тим | Записници од разговори и советувања. Индивидуална/ разговори/ дискусии | Записници од активности на педагогот |
| Следење на напредокот на учениците со потешкотии во учењето. Давање поддршка на учениците по потешкотии при учење од далечина | Поддршка на учениците во учењето и помош во подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Наставници, Директор, Родители, Специјален едукатор и рехабилитатор | Евиденција на педагогот<br>Разговор/ посета на час/анализи на успех | Записници од одделенски и наставнички совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Процена на подготвеност на идните првачиња за вклучување во образовниот процес, социјализација и напредување во училиштето | Препознавање и работа со ученици со емоционални потешкотии , проблеми во однесувањето и приспособување на средината | 05-07. | Комисија за упис на ученици во прво одделение за учебна 2021/2022 година | Документи за упис на ученици/ групна/<br><br>Индивидуална/ разговор/ | Извештај за процена на состојба на идните првачиња |
| Посета на часови и следење на приспособувањен напредок на учениците | | 09-11.<br><br>02-03. | Стручна служба. Инклузивен тим<br><br>Наставници, Родители | Записници од посета на час./ Разговори/<br><br>Набљудување | Записници од разговори со наставници/родители/ дефектолог |
| Откривање ученици од I одд со потешкотии во напредокот, консултации со дефектолог, родители и надлежни институции | Поддршка на учениците во учењето и помош во подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Стручна служба Родители Наставници, Директор<br><br>Инклузивен тим | Евиденција на педагог Индивидуална работа/ Разговор/ набљудување/ | Записници од активности со учениците. |
| Следење на напредокот на учениците со посебни образовни потреби и индивидуална работа со учениците | Поддршка на учениците со посебни образовни потреби и помош во подобрување на постигнувањата | Во текот на годината | Наставници, Родители Стручна служба, ученици, Инклузивен тим | Записници од посета на час/Индивидуална работа /Тестирање Разговори/ советување, Набљудување | Записници од разговори / наоди од тестирање/ чек листи/евиденција од посета на час |
| Изработка на план за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуална работа со надарени и талентирани ученици | Препознавање, идентификување и работа со надарени и талентирани ученици | Во текот на годината | Наставници<br><br>Родители, Директор<br><br>Стручна служба<br><br>Стручни активи | Записници од реализирани активности.Разговори/анализи | Изработен план за работа со надарени и талентирани. Записници од работа со над. и тален. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на ученици со емоционални потешкотии, семејни проблеми и проблеми со однесување и адаптација, ученици со потешкотии на следење на настава од далечина | Поддршка во справување со кризни состојби /Развој на силни страни на учениците<br><br>Поддршка при учење од далечина | Во текот на годината | Ученици, Наставници<br><br>Родители, Директор<br><br>Институции,<br><br>Стручна служба | Индивидуална р./ Набљудување<br><br>Разговор/ советување<br><br>Консултации | Евиденција на педагогот/ Записници од разговори/ извештаи |
| Интервенции и советодавно – консултативна работа со ученици кои имаат кризни ситуации, емоционални проблеми, несоодветно однесување | Поддршка во надминување на проблемот. Поддршка на учениците за нивен хармоничен развој | Во текот на годината | Ученици, Наставници<br><br>Родители,Директор, Стручна служба,<br><br>Институции | Индивидуална/<br><br>Разговор/ набљудување/ советување | Записници од активности со ученици/ родители/ наставници/ соработка со разни институции. |
| Посета на наставен час – набљудување на ученици, разговори со ученици | Прибирање податоци за личен и социјален развој на учениците | Во текот на годината | Ученици, Наставници Родители Инклузивен тим | Посета на час – чек листи /Набљудување /Разговори/Консултации/ Советување | Документација од посета на час, евиденција - работа на педагогот |
| Работилници за личен развој, свест за права и одговорности | Поддршка на личен и емоционален раст и развој на на учениците | 10.2022 до<br><br>03.2023 | Наставници Ученици од VII, VIII одделение<br><br>Педагог | Евиденција на педагогот Групна работа/ Работилници | Извештаи од спроведени работилници |
| Поддршка на ученици со ПОП во развој на самодоверба и подобрување на сликата за себе | Поддршка на личен и емоционален раст и развој на на учениците | Во текот на годината | Педагог<br><br>Родители | Разговор, вежби, советување | Евиденција на педагогот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуална работа со ученици со ПОП | Подобрување на нивните психомоторни способности Подобар успех во усвојување на наставните содржини | Во текот на учебната година | Специјален едукатор и рехабилитатор | Разговор, набљудување, работилница | Евиденција на специјален едукатор и рехабилитатор |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

ТИМ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

1.Зорица Јаневска-психолог

2 Татјана Неческа-педагог

3.Лазе Смилески-класен раководител во деветто одделение

4. Зоран Петровски- класен раководител во деветто одделение

5. Фросина Пејоска-претседател на Ученички парламент

Училиштето планира и превзема конкретни активности за *професионална ориентација на учениците*. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, даваат насоки, се спроведуваат активности поврзани со кариерното советување на учениците.

Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

| Планирани активности | Целна група | Реализатор | Време | Методи и постапки на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Работилници – правилен избор на професија | ученици од деветто одделение | одделенски раководители психолог | Во текот на учебната година | Работилници – животни вештини |
| Запознавање со повеќе видови на професии | ученици од деветто одделение | Психолог | ноември/декември | дискусија |
| Писмена вежба – Што сакам да бидам | ученици од деветто одделение | наставници по македонски јазик | Декември | Структура, пишување, демонстрација |
| Сликање на часот по ликовно образование на тема:„Моето идно занимање“ | ученици од деветто одделение | наставници по ликовно обр. | јануари/февруари | Сликање, изложба на трудови |
| Примена на тестови за општи и специфични цели | ученици од деветто одделение | Психолог Завод за вработување | април/мај | Тест за професионална ориентација |
| Презентација од средни училишта | ученици од деветто одделение | вработени од средни училишта | април/мај | Презентации, флери и постери од средни училишта |
| Индивидуални и групни разговори за продолжување на образованието | ученици од деветто одделение | Психолог наставници дефектолог | април/мај | Дискусии, советување, препораки |
| Изработка на CV и мотивационо писмо | ученици од деветто одделение | наставници по македонски јазик | април/мај | Структура, пишување, демонстрација |
| Презентација на добиените резултати од тестовите | ученици од деветто одделение | Психолог | Мај | Презентација, дискусија |

Програма за професионална ориентација - прилог

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Превентивни програми

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и со учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Училиштето реализира и интерен проект, Училиштето место за љубов и соработка.Ученичкиот парламент има изготвено правилник за добро однесување и избор на најдобар другар и оваа учебна година ќе продочќи со едукативни работилници со останатите ученици на тема насилство и заштите од него.Оваа година ќе се изготви и процедура за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоуптреба, занемарување и дискриминација

Во соработка со родителите како и преку соработка со релевантни институции во поблиската и пошироката околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

Училиштето учествува во проектните активности на МВР и OBSE.

Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа, од кои добива поддршка во грижата за децата од семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето ( грип, заразни болести...).

Во соработка со здравствените установи училиштето води грижа за навремено вакцинирање на учениците, согласно календарот за имунизација, како и за грижа за оралната хигиена по пат на редовни систематски прегледи и предавања од страна на здравствените работници од Школски диспанзер Карпош.

Според законот за основно образование се забранува секаков вид на дискриминација како и секој вид насилство во основното образование и воспитание.

За успешно спроведување на законските одредби во нашето училиште се предвидуваат активности за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, кои во текот на учебната 2022/23година ќе резутираат со формирање Тим за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.

Задачи на Тимот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ќе бидат:
- Подготовка на Програма за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација
- Информирање на учениците, вработените и родителите за планираните активности;
- Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство и спречување дискриминација;
- Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство, злоставување и злоупотреба;
- Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и зктивности;
- Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;
- Водење и чување соодветна документација;
- Известување на стручните тела и органи во училиштето.

Програмата за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ќе се однесува на превентивни и интервентни активности.

Активности кои се превземаат за реализација на промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација најнапред се однесуваат на превентивни активности , односно запознавање на сите засегнати страни цо целите, задачите и предвидените активности, и тоа: запознавање на учениците преку активности на одделенските часови, одделенската заедница, заедницата на учениците, (преку работилници на одделенските часови, одделенските заедници и сл.) запознавање на наставниците на Наставнички совет со активностите кои ќе бидат реализирани како и со начинот на нивната вклученост во реализирање на истите, информирање на родителите на родителски средби, Совет на родители со активностите кои ќе се реализираат и нивната цел, како и вклученоста на стручната служба на училиштето во промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Интервентни активности кои ќе се превземаат за реализација на промоција на добросостојба на учениците, заштита насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација започнуваат со

-активности превземени од одделенскиот раководител, (раководителот на паралелката), наставникот во соработка со родителот, со група ученици или индивидуално.

-следуваат активности превземени од одделенскиот раководител во соработка со педагогот, со Тимот за заштита и со Директорот, со задолжително учество на родителите. Доколку ова недава резултати, Директорот иницира воспитно – дисциплински постапки и се изрекуваат педагошки мерки, согласно Законот и Интерниот акт за изрекување педагошки мерки на Училиштето.

- доколку се покаже потреба се превземаат активности од страна на Директорот со задолжително ангажирање на родителите и доколку е потребно вклучување на надлежните органи (Центри за социјална работа, локална самоуправа, медицински установи, полиција...)

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.
Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано според три периоди:
Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување.

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето..

Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување.

На крајот од првото и третото тримесечје како и првото полугодие добиваат описни оценки, додека на крајот од учебната година добиваат бројчани оценки сѐ со цел полесно да биде адаптирањето за премин во третиот период на деветгодишното образование. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со бројчани оценки.На крајот на годината и овие ученици во прилог описно ќе бидат оценети за нивните залагања и успеси во воннаставните активности.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот ќе бидеевидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ќе ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања при што ќе бидат имплементирани стандардите на оценување.. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...). Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши интерно.

Учениците со попреченост за кои постои ИОП ќе бидат оценувани според посебни критериуми .Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценувањеискреирани од Инклузивните тимови за секој ученик според неговиот ИОП.

Родителите на учениците за успехот на нивните деца формално ќе бидат известени четири пати во годината. На двете тимесечија , на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година. Сепак родителите во одреден термин во седмицата ќе можат да се видат со секој наставник кој предава на неговото дете за да се информира за неговиот успех.

Доколку на крајот на годината родителот не е задоволен од оценка по некој предмет , а Наставничкиот совет му удоволи на ученикот да ја преиспита оценката по пат на полагање , во тој случај училиштето формира комисија од редот на наставниците по ист или сроден предмет, одделенскиот раководител , а се изема наставникот кој предава. Оваа комисија како и испитните комисии за одделенски или поправен испит училиштето ќе ги формира доколку за нив има потреба неколку дена пред полагањето на истиот онака како што е пропишано во законот.

Одделенскиот испит, поправен испит или испити за побрзо напредување ученикот го полага пред испитна комисија. Испитната комисија ја формира директорот на училиштето и е составена од председател и два члена-наставници, од кои еден член е наставник од соодветен предмет.

Членови на испитна комисија:

1. Претседател ( одделенски/класен раководител) - ___________________________________
2. Член ( предметен наставник ) - ___________________________________________
3. Член ( предметен наставник по соодветен предмет) - ___________________________________________________

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување.

ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ

1. Катерина Ташкова- директор
2. Зорица Јаневска – психолог

3. Татјана Неческа- Педагог
4. Марија Цакиќ-дефектолог
5. Наставник:Даниела Стоименова
6. Наставник: Христина Нанчовска
7. Зоран Киткањ- претседател на Училишен одбор
8. Претседател на Совет на родители
9. Ученици

Тимот има изготвено план за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди ,врз основа на Законот за основно образование(2019) училиштето има утврдено процедура за поплаки и жалби по добиени оцени,

За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.

Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.

Училиштето ќе спроведе анкета со родители и ученици за квалитетот, транспарентноста и усогласеноста на оценувањето со стандардите .

За подобрување на објективноста во оценувањето во училиштето на крајот од годината ќе се врши анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците во оценувањето.

Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници.и доколку се појави потреба ќе се организира обука за стандардите во оценувањето.Натавниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување нивната добра пракса ќе ја споделат на ниво на стручните активи и работилници пред останатите колеги. Овие наставници од страна на директорот ќе добијат позитивно негово мислење за добра пракса во врска со оценувањето и тоа ќе влезе во нивното професионално досије.

Потпирајќи се на одребите од Законот за основно образование(2019) училиштето има изготвено процедура за побрзо напредување на ученици.Доколку има таков

ученик Стручната служба, оддленскиот раководител, предметните наставници, родителот го следат ученикот и според процедурата му се овозможува да премине во наредно одделение.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот на училиштето и стручните соработници во текот на наставната година ќе извршат четири редовни посети на наставни часови во редовната настава кај сите наставници и по сите предмети.За таа цел се подготвува план за посети кој се истакнува на огласната табла во наставничка канцеларија. За тааа цел ќе се користат изработени инструменти за посета на час. Исто така четири пати во годината се прегледуваат и дневните подотовки на наставниците . За преглед на дневните подготовки исто така се користи инструмент.

Во текот на годината може да се извршат и вонредни посети по барање на самиот наставник, ученик/ученици или родител.

Дефектологот исто така покрај неговата постојана присутност на часот врши и поета на часовите каде нема да има улога на соработник во текот на часот со учениците кои имаат проблеми туку ќе ја следи инклузивноста во училницата.

Во текот на годината се следат и реализацијата и квалитетот на додатната дополнителната и слободните ученички активности.за следење на овие часови исто така има изготвено инструменти. За разлика од останатите посети, посетите на слободните ученички активности ги спроведуваат колегите меѓу себе. Целта на ваквиот тип на посети е да се следат колегите во својата работа , и на некој начин да се надоплнуваат со идеи.

## 16.4.Самоевалуација на училиштето

Тим за спроведување на самоевалуацијата за 2020-2022година

1.Зорица Јаневска -психолог

2.Татјана Неческа–педагог

3.Жаклина Трајкоска-наставник по македонски јазик

4.Надица Митевска -наставник по одделенска настава

5.Тамара Зечевиќ -родител,

Согласно законот за Основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

- подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

- фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација).

- фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.

Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој.

Последната самоевалуација е изготвена во јуни 2022 год, а се однесува на периодот од 2020-2022 година.

## 17.Безбедност во училиштето

Тимот за справување од елементарни непогоди има изготвено план за превенција и заштита од приридни и други несреќи-пожари, поплавии слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште. Натавниците имаат поминато обука за лична и колекривна заштита, како и за прва помош.како и секоја година и во текот на овaа учебна година ќе се реализира пробна евакуација во случај на пожар и земјотрес и ќе се повторат специфичните начини на известување за секоја непогода.

Општината врши контрола за исправноста на ПП апаратите.Во училиштето има обележани правци на движење при елементарните непогоди и специфични начини на известување за секоја непогода. Во текот на наставата училиштето има изнајмено приватно обезбедување.Училишниот одбор има донесено одлука за движење на возрасните за време на наставата. За време на големиот одмор училиштето организира дежурства на наставниците. Ученици од шесто, седмо и осмо одделение дежураат на влезната врата на училиштето и ги евидентираат сите надворешни лица .

ЦЕЛИ:

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.

- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода.

- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажувањена прва медицинска помош и евакуација на повредените

План за евакуација на учениците и вработените при елементарни непогоди и несреќи – земјотрес пожар поплави

За време на елементарни непогоди и несреќи предвидено е да истите пристапат кон евакуирање после звонењето кое е со непрекинат интензитет

Кон главниот влез / излез од училиштето се евкуираат учениците и наставниците од1 ходник приземје
Кон 2 влез /излез наставници ,ученици од 2 ходник приземје и кабинет по информатика
Кон влез/излез 3 се евакуираат ученици и наставници од 3 ходник приземје
Кон кујна 4 влез/излез се евакуираат ученици и наставници од 1 и 2 кат
Техничкиот персонал (хигиеничарки , хаус мајстор и котлар ) II – Кон подрумскиот влез / излез од училиштето
Според предвидениот тајминг целата евакуација на училишна зграда треба да трае 1 до 2 минути.

| Задача | Активност | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Очекуван и резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Доделување на задолженија на членовите на тимот | Донесување и усвојувањена програма за активностите на тимот за планирање | Тим за планирање | Состанок | Успешна реализација на програмата и размена на искуства | Лазе Смилески |
| Оспособување на учениците запрепознавање на знаците за опасност | Тестирање на знаксво о потсетување е на учениците | Тим за планирање, вработени и ученици | Практична вежба | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарни непогоди | Лазе Смилески |
| Оспособување на тимот занавремено напуштање научилишната зграда | Вежбовна активност - евакуација | Тим за планирање, вработени и ученици | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда | Лазе Смилески |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Оспособување на тимот за снаоѓањ во вонредна ситуација | Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош – | Тим за планирање и тим за прва медицинска помош | Практична вежба | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода | Лазе Смилески |
| Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната зграда | Вежбовнаактивност иевакуација – | Тим за планирање, вработени и ученици | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда | Лазе Смилески |
| Согледување на позитивните и негативните страни на активностите | Евалуација наспроведените активности | Тим за планирање и вработени | Состанок | Согледување на недостатоци и нивно елиминирање во идните активности | Лазе Смилески |

План за движење при евакуација во **прилог.**

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и функционионална санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите редовно има течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот. Училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените, пластичните и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

На почетокот на оваа учебна година ќе се изготви план на дежурни ученици кои ќе ја следат состојбата во училиштето и ќе имаат за задача во текот на неделата да проверат дали се е во ред со хигиената во училниците, тоалетите ходниците, дворот на училиштето.Тие ќе имаат за задача да поверуваат дали има течен сапун во тоалетите, дали сите чешми се исклучени, дали се функционални сите тоалети, дали некаде е оставено запалено сијалично светло, дали во дворот има расфрлено отпад.Нивната задача ќе биде истото да го пријават кај дежурниот наставник.
Ќе се изготви и процедура на одржување на наставата според препораките на СЗО

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со Школски диспанзер Карпош и Стоматолошка ординација - Школски диспанзер Карпош, Републички завод за здравствена заштита - одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето во согласност со плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабараториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд,

V одд, VII одд и IX одд. кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата, доколку има потреба се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување .

За учениците од I одд до VI одд. се вршат задолжителни стоматолошки прегледи како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.

За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во Школски диспанзер Карпош со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.

Сите добиени резултати, информации, укажувања се заведуваат во состојби, здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.

Вакцинирањето се врши во Школски диспанзер - Карпош во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

- I одд. за учениците со навршени шест год. - ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит);

- II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија, тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина;

- VII одд. - вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини;

- IX одд. - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во училиштето е организирана исхрана на учениците. За таа цел училиштето има договор со Ванила фуд кои се грижат за оброците на учениците. Фирмата склучува договор со секој родител на ученик кој се храни. Понудени се доручек и ручек. Родителот одлучува дали детето ќе зима два оброка или еден. Општината за учениците од одделенска и предметна настава организира ужина која педесет проценти се наплатува од страна на Општината.

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и работилници: „Здрава храна“ во рамките на проектот кој го спроведува педагогот со родители и ученици. Програма дадена во **прилог.**

Во оваа учебна година планирано е вклучување на сите ученици во кампања во која се предвидени работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана.
Во рамките на предметот Животни вештини и предметот Вештини за живеење исто така предвидини се содржини во кои се промовира здрава храна и здрав начин на живот.

Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна.

**(септември) Предавање – “Исхрана на училишни деца “**( исхраната на училишни деца треба да биде составена од продукти со висока хранлива вредност, јаглехидрати ( скроб , а не шеќер), белковини ( месо, јајца, млечни производи), масти ( по можност незаситени ).Потребни им се влакна, минерали и витамини. Неопходно е зеленчук, овошје и житарки, што би ги замениле сите предизвикувачки вкусови на брзата храна.Навиките за здрава храна се носат од дома и траат цел живот.

**(октомври) Предавање – “Што треба да содржи училишната ужина на учениците?”** Ужинката треба да има две цели : да го засити детето до следниот оброк и да го дополни внесувањето на одредени намирници што или не се внесуваат во доволна количина во текот на главните оброци или на децата им се неопходни во поголеми количини. Овошјето како основа на здрава храна најдоброо е да се користи како свежо сезонско овошје, но може да се користи и како компот, сушено или во конзервирана варијанта во помала количина.

**(ноември) Предавање – “Балансирана исхрана - важен фактор за правилен раст и развој на децата”**Добро балансирана и здрава исхрана се базира на земање разновидна храна, која ги обезбедува сите потребни хранливи состојки и оптимален дневен внес на енергија, која овозможува нормален раст и развој на децата. Резултатите од систематските прегледи на учениците од основните и средните училишта покажуваат зголемена телесна тежина кај околу 10% од учениците и 7,8% на ученичките. Со внесување на хранливи состојки, телото ја одржува ефикасноста и активноста, се обезбедува висока енергетска активност и отпорност на болести. Храната која ја јадеме мора да биде балансирана со физичките потреби и да содржи доволна количина на калории, протеини, јаглени хидрати, масти, витамини и минерали.

**(февруари) Предавање – “Ужина и здрави течности”**

Многу често зборуваме за исхраната воопшто, а ретко зборуваме за напивките, кои често можат да бидат главни виновници за зголемената телесна маса, а и за

нездравото заситување кај децата, што доведува до прескокнување на основните оброци. Не треба да се заборави дека одредени напивки – сокови, шејкови и слично, содржат и поголема количина калории отколку две парчиња чоколада или три бисквити. Водата секако дека треба да биде основен извор на течности, но доколку сакате да имате поширока понуда на здрави течности, тука се лимонадата, цедените сокови и смути-пијалаците. Важно е да не заборавите дека и овие здрави течности се богати со калории и содржат овошни шеќери, па кога доминираат во исхраната, водете сметка да направите добар баланс со другите намирници.

**(март) Предавање – “Салата – градина со здравје”**

Салатата е секогаш идеален избор, но е и едноставна за правење. Осоебно се препорачува за постарите деца бидејќи е полесна за консумација. Измешајте зелена салата, ‘рдокви, домати, краставица, пиперка, сè што имате од свеж зеленчук, потоа додајте парчиња сланина, пилешко или риба. Секогаш можете да ставите неколку бадеми, лешници, сусам и парчиња сушено овошје. Зачинете со маслиново масло, балсамико или сок од лимон. Водете сметка за количината, па порцијата за ужина нека биде половина од вообичаената количина за оброк.

**(април) Предавање – “Негативни последици од брзата храна”**

Популарниот термин „junk“ храна се однесува на специфичен вид храна, која инаку е многу популарна во денешно време и главно се консумира надвор од домот. Таа храна содржи многу шеќер и маснотии и се смета за нездрава . Тука спаѓаат различни слатки, чоколадирани продукти, сладолед, чипс , хамбургери, „хотдогс“, пржени компирчиња и сл. (т.н. брза храна). Доколку ваквата храна се консумира често, за сметка на другите типови храна, како последица, може да се јави гојазност, витамински и минерален дефицит и други здравствени проблеми.

Овие предавања ќе се реализираат секој прв понеделник во месецот, а реализатори на истите ќе бидат одделенските раководители. Предвидени се две предавања чии реализатор ќе биде родител (доктор) кои ќе одржи предавања за здрава храна, нутриционистичките вредности и нејзиното значењето за здравјето на учениците.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците, благодарение на тоа што води грижа за остварување

на својата мисија и визија, водејќи сметка за целосната секојдневна дисциплина на учениците, а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето.

За непочитување на Кодексот на однесување се пропишани соодветни процедури по кои се постапува зависно од прекршување на правилата на однесување.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците, дворот и санитарните јазли и секојдневна евиденција за тековните збиднувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Во училиштето постои распоред на дежурни наставници и кодекс на однесување на дежурните ученици.

Исто така постои кодекс на однесување кон инвентарот на училиштето како и кодекс на однесување за икт технологијата. Посебен кодек има за однесување во фискултурната сала.

Од минатата година Ученичкиот парламент донесе Правилник за ненасилно однесување кој беше усвоен и од Советот на родители и верифициран од Училишниот одбор.

**ДЕЖУРСТВО НА НАСТАВНИЦИ**

**ПОНЕДЕЛНИК –АЛЕКСАНДРА АНТЕВСКА, ЕЛИЗАБЕТА, МИЛЕВА БАКИЈА, ЉУБИЦА ПЕЧЕВСКА**

**ВТОРНИК- ЈЕЛЕНА АНДРЕЕВСКА, КРИСТИНА ЦВЕТКОВСКА, БИЛЈАНА СТРЕЗОВСКА**

**СРЕДА- АНЕТА РИСТОВСКА, МАЈА ЛАЗАРЕВСКА, ЛИДИЈА СЕРАФИМОВСКА**

**ЧЕТВРТОК- БИЛЈАНА НЕЛОСКА, ЈАСМИНА БОШЕВСКА, ТИЈАНА БАЈРАКТАРСКА, ЕЛЕНА ВАСИЛЕВСКА**

**ПЕТОК- СВЕТЛАНА СОФИЈАНОСКА, НАДИЦА МИТЕВСКА, ЛИЛЈАНА ИСАКОВСКА –ГЛАВЕН ХОДНИК**

## ПЕТОК – ХРИСТИНА НАНЧОВСКА, ЕЛЕНА СМУГРЕВСКА – ТРЕТ ХОДНИК

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЛИЛЈАНА | РОСЕ | ДАНИЕЛА К: | ДАНИЕЛА С: | МАРИНА/ПАВЛИНКА |
| ЉУПКА | ЖАКЛИНА | ЈАДРАНКА | СНЕЖАНА | ЖАКЛИНА/БИЛЈАНА |
| ЛАЗЕ | НИКОЛА | ЈЕЛЕНА | ДАРКО | МАЈА/ЗОРАН |

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тим за естетско и функционално уредување на просторот

1. Тони Шулајковски
2. Јелена Андреевска
3. Павлинка Манолева Иванова
4. Надица Митевска
5. Лазе Смилески
6. Ученици од ученички парламент

За естетското и функционално уредување на училиштето се задолжени сите вработени и ученици во училиштето. Сите заедно треба преку индивидуални со свои изработки, проекти и презентации да придонесат за убав, функционален простор кој ќе поттикнува пријатна атмосфера за работа и престој. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување како: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето ќе се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за континуирано естетско уредување на просторот во училиштето.

Со учество на учениците, наставниците, другите вработени, а во некои активности и со учество на родителите како и Локалната самоуправа, се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци. На почетокот на оваа учебна година ќе се изготви план на дежурни ученици кои ќе ја следат состојбата во училиштето и ќе имаат за задача во текот на неделата да проверат дали се е во ред со естетскиот изглед и уредувањето во училиштето.

19.3. Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување.

Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

- Етички кодекс на сите субјекти инволвирани во работата на училиштето
- Етички кодекс за наставниците и за стручните соработници
- Куќен ред на училиштето
- Етички кодекс на однесување кон инвентарот
- Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;
- Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;
- Разгледан и усвоен е и Етичкиот кодекс за тестирањето, а изготвен и прифатен е и Еко-кодекс.

Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите. Кодексот на однесување за наставници, ученици и родители е даден во прилог.
На крајот на првото полугодие и на крајот на годината ќе се ревидираат етичкиот кодекс на учениците ,наставниците, другите вработени и родителите на ниво на Ученичките заедници, Ученичкиот парламент, Советите на родители на ниво на паралелка и на ниво на училиште: на Одделенски совет , Наставнички совет и Совет на родители.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Од последната самоевалуација може да се констатира дека во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Ученичка заедница, Стручни активи, со родители, меѓу колегите, односот наставник ученик, ученик ученик,). Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

***Тимска работа и училишна клима***

Меѓусебната соработка и почитување игра важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Акцент се става на отворена комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Тоа подразбира неформална секојдневна комуникација меѓу сите структури, но и организирани работилници и дисеминации на ниво на одделенија, на ниво на активи, со родители, Одделенски и Наставнички совет.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.За таа цел на крајот на годината тимот ќе спроведе и прашалник за квалитетот на односи меѓу сите структури во училиштето.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби,Тимот ќе направи план со конкретни активности за поквалитетни односи меѓу сите структури во училиштето иќе предложи конкретни активности (состаноци, работилници, дебати, заеднички пррослави, екскурзии и сл.) како организирањезаеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Недела на детето - октомври, Нова година – 31 декември, Ден на жената – 8 Март, Ден на шегата – 1 Април, Ден на училиштето, Полуматурска прослава – јуни, Екскурзии за учениците и наставниците, заеднички натпревари на учениците со родителите, отворен ден за родителите со активности и презентации, дебата добрите и лошите страни на современата технологија во која ќе учествуваат ученици и родители, заеднички работилници на родители, наставници и ученици.и сл.

Тимот за Односи меѓу сите структури во училиштето го сочинуваат

1. Катерина Ташкова-директор
2. Зорица Јаневска-психолог
3. Татјана Неческа-педагог
4. Верица Неткова Пројчева-библиотекар
5. Родители по двајца од одделенска и од предметна настава

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Современото општество постојано наметнува нови барања на кои образовниот процес треба да одговори. Поради тоа во континуитет се следат потребите на наставниот кадар и согласно детектираните состојби од самоевалуацијата, записниците од интегралните евалуации и упатствата од Министерството и основачот се детектираат приоритетите за нови обуки.
Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат. Спроведена е анкета од страна на стручниот тим за потребите за обука на новите наставници и наставниците од предметна настава.
Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, претставници на УО (еден родител и претседател на УО) .

## 20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес кој започнува со учеството на наставникот во Стручните активи каде се разменуваат искуства и нови сознанија.
Согласно потребите и приоритетите на наставниците во следната учебна година како приоритетни се поставија следните обуки:

- Употреба на современи форми, методи и техники;
- Работилница за професионален развој на наставниците.
- Континуирано стручно усовршување на вработените преку посета на семинари , со посебен осврт на обуки наставниците од областа на ИКТ технологијата, меѓу останатото и за on line настава.

Дополнително, во зависност од материјално-техничките ресурси во училиштето ќе се изработат акциони планови за посета на обуки, семинари (во училиштето и надвор од него), работилници на најразлични теми, поттикнати од потребите на наставниците и за истите ќе се изработуваат извештаи.
Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.

## 20.3. Личен професионален развој

Секој наставник е задолжен во рамките на сопствените потреби, интереси и за потребите на училиштето да следи стручна литература, да посетува семинари и обуки. Професионалниот развој на наставникот се евидентира во неговиот педагошки картон и во неговото сопствено професионално досие кое го водат стручните соработници, а во кое имаат увид и директорот , инспекторите од ДПИи советниците од БРО. Заради малите материјални средства на училиштето, поради немање листа на лиценцирани обучувачи и нивни доставени програми наставниците не се во можност однапред да планираат обуки кои ги организираат надворешни субјекти, а кои ќе придонесат за подобрување на поквалитетна настава. Најчесто се посетуваат обуки кои ги организираат МОН, БРО, УСАИД, УНИЦЕФ итн. Затоа училиштето врз основа на потребите на наставниците ќе достави барања до сите овие организации за одржување на обуки за кои се заинтересирани наставниците и секоја обука ќе биде евидентирана според Законот за основно образование.(2019)

## 20.4. Хоризонтално учење

Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручните соработници. Оваа учебна година како и секоја претходна наставниците на ниво на активи ќе разменат искуства во соработка со стручната служба и директорот на училиштето. Во настава особено внимание ќе се посвети на работата со деца со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето.. Наставниците кои ќе учествуваат на некој семинар ќе направат дисеминација на истиот за своите колеги доколку тоа е во интерес на истите и училиштето.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

<u>(План за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување).</u>

| Активности | кој ги врши поддршката/следењето | Време | Ефекти |
|---|---|---|---|
| Запознавање на наставниците со Законот за наставници и стручни соработници и правилникот за професионален развој | Директор | Август | Поттикнати наставници за професионален напредок и постигнување повисоки резултати во работата и кариерата |
| Поддршка на наставниците и стручните соработници | Директор | Континуирано | Мотивирани наставници и стручни соработници за напредување |
| Овозможување услови за реализација на активностите првземени од страна на наставниците и стручните соработници | Директор | Континуирано | Поголема желба за работа, поголем квалитет во работата, поголема креативност |
| Поттикнување на наставниците и стручните соработници за кариерен развој | Директор | Континуирано | Зголемена соработка меѓу раководниот орган , поголема ангажираност од страна на наставниците и стручните соработници |
| Водење евиденција за | Директор | Континуирано | Измерени резултати од работата |
| Оценување | Директор | Јуни | Секој наставник или стучен соработник ќе има конкретна потврда за сработеното при конкурирање за нас тавник ментор или |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | советник или стручен соработник ментор односно советник |

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

На почетокот на учебната година на огласната табла ќе биде истакнат распоредот на часови, распоред за додатна и дополнителна настава,воннаставни активности, екскурзиите, како и распоредот за прием на наставниците за индивидуални разговори со родителите. За време на првиот состанок на Советот на родители од страна на директорот и стручната служба на претставниците на Советот на родители ќе им биде предочено кои се нивните ингеренции и одговорности и ќе им се воочи на оние проблеми со кои се соочува училиштето како состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, давање на идејни решенија за подобрување на процесот на наставата, нивно учество во реализирање на проекти итн.

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната година планирани се најмалку пет редовни родителски средби од кои две во прво и три во второ полугодие. Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.. (програмата за работа на советот на родителите во прилози).

Распоред за прием на родители

| Реден број | Име и презиме на наставник | Приемен ден во неделата | Час |
|---|---|---|---|
| 1. | Билјана Стрезовска | Среда | 2 |
| 2. | Јасмина Бошевска Миновска | Понеделник | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Јелена Андреевска | Понеделник | 5 |
| 4. | Елена Смугревска | Петок | 4 |
| 5 | Анета Ристовска | Понеделник | 5 |
| 6. | Светлана Софијаноска | Понеделник | 2 |
| 7. | Александра Антевска | Вторнк | 5 |
| 8. | Христина Нанчовска | Петок | 4 |
| 9. | Билјана Нелоска | Понеделник | 5 |
| 10. | Светлана Трајковска | Вторник | 5 |
| 11. | Елизабета Милева Бакија | Четврток | 4 |
| 12. | Маја Лазаревска | Среда | 3 |
| 13. | Кристина Цветковска | Среда | 2 |
| 14. | Лидија Серафимовска | Среда | 3 |
| 15. | Надица Митевска | Вторник | 4 |
| 16. | Тијана Бајрактарска | Понеделник | 3 |
| 17. | Лилјана Исаковска | Понеделник | 4 |
| 18. | Љубица Печевска | Четврток | 4 |
| 19. | Катерина Костовска | Понеделник | 5 |
| 20. | Елена Василевска | Понеделник | 3 |
| 21. | Росе Донева Ристујчин | Вторник | 4 |
| 22, | Павлинка Манолева Иванова | Четврток | 7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23. | Зоран Петровски | Понеделник | 6 |
| 24. | Љупка Миленковиќ Живковиќ | Вторник | 8 |
| 25. | Лазе Смилески | Вторник | 2 |
| 26. | Марина Јачовска | Среда | 3 |
| 27. | Даниела Стоименова | Вторник | 3 |
| 28. | Јелена Зврцинова | Вторник | 3 |
| 29. | Јадранка Симитковска | Понеделник | 6 |
| 30. | Јадранка Крстевска | Среда | 4 |
| 31. | Снежана Вачкова | Понеделник | 3 |
| 32. | Билјана Алексоска | Вторник | 7 |
| 33. | Љиљана Ристовска | Вторник | 3 |
| 34. | Жаклина Трајкоска | Четврток | 4 |
| 35. | Марио Лазаров | Среда | 3 |
| 36. | Билјана Смилеска | Петок | 6 |
| 37. | Димитар Даскалов | Петок | 2 |
| 38. | Видое Николовски | Среда | 5 |
| 39. | Тони Шулајковски | Четврток | 1 |
| 40. | Дарко Наумоски | Четврток | 2 |
| 41. | Никола Панчевски | Понеделник | 6 |
| 42. | Маја Христовска | Четврток | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 43. | Сузана Илиќ | Понеделник | 5 |

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите како рамноправни чинители во образовниот процес на своите деца треба да земат активно учество во работата на училиштето. Со презентирањето на годишната програма пред Советот на родители тие ќе дадат мислење , предлози како и сугестии за реализирањето на истата.Во рамки на наставата доколку по одреден предмет има простор и потреба родителите може да учествуваат со присуство на час или организирање на посета на некоја локација или во организација. Родителите ќе учествуваат во и зготвување на индивидуални образовни планови и ќе дадат поддршка на учениците кои се талентирани. Ќе учествуваат со идеи и директно во секциите и во организирање и спроведување на другите слободни ученички активности како : посети, прошетки, излети екскурзии. Во зависност од струката во рамки на програмата ќе држат едукативни предавања.

Тие во рамките на одделението може да организираат и разни активности. Во рамки на хуманитарни акции ќе учествуваат во прибирање на дидактички материјали, помагала и наставни стедства за сензорната соба.Родителите во рамките на проектот Здрава храна , Училиштето место за љубов и соработка,Од буква по буква од писател исто така ќе бидат вклучени во процесот на учење на нивните деца. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.Родителите преку тимовите во кои се вклучени исто така ќе бидат не само чинители туку носители во одредени активности во процесот на учење.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

План за едукативни работилници и обуки за родителите/старателите,

| Работилници/обуки | Реализатор | Време на реализација | Со кој ќе се реализира |
|---|---|---|---|
| Однесување и одржување на хигиена за време на корона предавање | Стручна служба и родител доктор | Септември | Совет на родители Предавање и брошури за во паралелка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Здрава исхрана на нашето дете-работилница | Педагог и нутриционист | Октомври | По тројца родители од секоја паралелка Предавање |
| Како да создадеме правилни навики за исхрана кај нашето дете | Педагог | Ноември | Брошура |
| Поддршка на родителите | Психолог и по потреба педагог и наставник | По потреба | Родителите чии деца добиле педагошка мерка членовите 72 , 76 и 77од Законот за основно образование(2019) |
| Надминување на стереотипи и предрасуди | Стручна служба | Март | |
| Како да се справиме со пубертетот кај нашите деца | Стручна служба | Април | Родители на ученици од седмо и осмо одделение |
| Професионална ориjентација | Психолог | Мај | Совет на родители |

## Програма за конкретните облици на соработка со родителите

| Активност | Учесници | Време на реализација | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Изготвување програма, следење на истата и напредокот на детето | ИИТ | Од септември<br>Секој втор месец. Доколку има потреба ќе се договори друга средба | Доколку има потреба ќе се договори друга средба |
| Изготвување на програма и следење и учество во работата на ИИТ | УИТ | Од септември<br>Секој втор месец. | Доколку има потреба ќе се договори друга средба |
| Состаноци на Совет на родители | Членови на совет на родители и претставници на училиштето | Најмалку четири пати во годината | Доколку има потреба ќе се договори друга средба |
| Родителски состаноци | Родители на паралелка и одделенски раководител | Најмалку 4 пати во годината | Доколку има потреба ќе присусtвуваат и други претставници на училиштето |
| Учество во работилница Од буква по буква до писател | Родители од второ и трето одделение | Месец декември | |
| Учество во работилници и предавања организирани од страна на училиштето | Родители, стручна служба, нутриционист | | Постои посебна програма |
| Учество во организирање на хепенинзи и базари, | Наставници, ученици,родители | 2-4 пати | |
| Учество во спортски активности | Ученици, наставници, родители | Мај | |
| Учество во избор на слободни ученички активности, учество во програмата и учество во релизација на дел од неа | Родители | По потреба во текот на цела година | |
| Учество во акција за опремување на | Родители | Месец септември | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сензорна соба | | | |
| Учество во проектите | Родители, ученици, наставници и стручна служба | Континуирано | Во зависност од проектот |
| Учество во професионалната ориентација на учениците | Родители од различни профили | Месец Април | |
| Репродуктивно здравје Предавање на ученици од 7 одд. | Родител -доктор | Март | |
| Дебата позитивните и негативните страни на технологијата | Родители и ученици | Ноември | |
| Отворен ден за граганско образование | Родители | Март | |
| Учество во работата на тимови во училиштето по разни основи и спроведување на програмите | Родители, наставници, ученици, други субјекти | Во текот на цела година | |

План за начините на информирање на родителите

| Цел за информирањето /Активност | начините на информирање | Носители на активност | Потребни финансиски средства |
|---|---|---|---|
| Упис на деца во прво одд. во нашето училиште | Плакати/ ВЕБ страна на училиштето | Тим за упис во прво одд. | 600,00 |
| Подготовка на детето за во училиште | Брошура и на ВЕБ страната на училиште | Педагог | 1000,00ден |
| Известување на родителите кои не ги запишале своите деца во нашето училиште а припаѓаат на нашиот реон | Писма по пошта | Тим за упис во прво одд. | 1500,00ден |
| Брошура за училиштето | Брошура/ ВЕБ страна на училиштето | Тим од наставници струча служба, директор | 1000,00ден |
| Кодекси на однесување | Флаери и плакати/ ВЕБ страна на училиштето | Тимови од наставници | 2000,00ден |
| Список на примени ученици | Плакат | Тим за упис во прво одд | 0 ден. |
| Базари | Плакати | Тим за јавна и културна дејност | 200,00ден. |
| Недела на детето | Плакати за активности во училиштето и брошури за правата на детето | Тим за детска организација | 600,00ден. |
| Проект здрава храна Како се создаваат здрави навики кај нашето дете | Брошура | Педагог | 500,00ден. |
| Слободни ученички активности | Плкати , брошури и анкети/ ВЕБ страна на училиштето | Стручните активи | 5000,00ден |
| Додатна и доплнителна настава- време и место на реализација | Брошури / ВЕБ страна на училиштето | Стручни активи | 1000,00 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Недела на книгата-акција | Плакати / ВЕБ страна на училиштето | Стручна служба и Ученички парламент | 200,00 ден |
| Хуманитарни акции | Плакати/ ВЕБ страна на училиштето | Тим за социјална заштита и Ученички парламент | 100,00 |
| Реализација на проекти | Покани/ ВЕБ страна на училиштето | Одговорни наставници | 1500,00 |
| Отворен ден на граѓанско општество | Плакати и покани/ ВЕБ страна на училиштето | Одговорни наставници | 500,00 |
| Конкурс за првенец на генерација | Плакат | Комисија за избор на првенец | 50,00 |

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на Брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации, опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците. Таа ќе се дели на родителите на почетокот на учебната година.

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко (општина Карпош урбана заедница, влада на РСМ). Дел од културно образовните активности во училиштето се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.
Особено значајна е соработката на училиштето со бизнис заедницата особено со Пакомак, Александрија, Комуна, Рептил, Тринплус, Вики и Ива , Комсофт, Секомплус, Никулец, Просветно дело, Сетек итн.
Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.

***Соработка со други основни училишта***

Училиштето соработува со сите училишта на ниво на општината. Соработката оваа учебна година ќе се реализира преку:
-спортски натпревари што ги организира општината во текот на цела година ,
- ќе се организира ликовен хепенинг и изложба од страна на нашето училиште на тема од нашиот слоган против насилството: „Зошто да се бориме кога може да се договориме“ по повод Светскиот ден на ненасилство,
- Под еден чадор-презентирање на изработките на нашите ученици во врска со традицијата и обичаите на албанците во ООУ„ Братство“.во месец април

-Презентација на реализираните проекти во месец мај на кој ќе бидат поканети претставници од сите училита и локалната самоуправа.
- учество на сите покани од страна на другите училита

## ***Институции од областа на културата***

Во текот на годината ќе се организираат посети на музеи ( Музеј на град Скопје, Музеј на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност,Холокаустот, Природо-научен музеј  во Скопје, Природо-научен музеј „Никола Незглобински“ и Заливот на коските), цркви (Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум), археолошки локалитети Скупи, Стоби, Хераклеа). Ќе се учествува на сите конкурси од областа на литературата и ликовната уметност. Училиштето како и до сега ќе соработува со библиотеките „Браќа Миладиновци“ и „Другарче“ како и со Кинотеката на Македонија.Училиштето сотаботува и со многу издавачки куќи. Учениците ќе посетата и книжарници на Арсламина, Просветно дело, Култура. Учениците овие локалитети ќе ги посетат заедно со своите одделенски раководители и со наставничката по историја.

Училиштето остварува соработка со театрите и кината во град Скопје и културно-уметничкото друштво „Мирче Ацев“.

Училиштето изготвува посебна програма и организира посета на институции од областа на културата и посета на разни манифестации како и театарски и кино претстави.

## ***Институции од областа на образованието***

Училиштето  има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Северна Македонија,  со детските градинки, основните и средни училишта,  Факултетот за ликовна уметност и Филозофскиот Факултет, Детски креативен центар, Детски културен центар Карпош, УСАИД, МЦГО и др. Соработката со основните училишта од општина Карпош, градот, републиката и пошироко се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и вонннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско-рекреативен и забавен карактер како и реализирање на проекти од МИО, екологија и сл.
Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно–образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.
Се остварува соработка со Факултетот за ликовна уметност при организирање на педагошка и методска практика на студентите и за професионален развој на наставниците.. Соработката со овие институции зависи од потребата на двете страни така што таа  по потреба  се реализира во текот на целата учебна година.

***Невладини организации***

Училиштето остварува соработка со Детската амбасада Меѓаши, Советодавниот центар за родители и деца, СОС, Црвениот  Крст на Македонија, Хуманитарната организација Амбрела, ОХО и др.еколошки друштва, Лајонси, Ајнштајн и др. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

***Спортски друштва***

Училиштето соработува со повеќе спортски клубови и тоа:Работнички,Соколи,ЖКК Вардар,Бадминтон,Вибас итн.

***Здравствени организации***

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација  и соработка со: „Школски диспанзер Карпош “, „Заводот за ментално здравје“, “Центарот за слух и говор“, „Центарот за јавно здравје“ и други институции кои пружаат здравствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

***Медиуми***

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности, како и натпревари од забавно спортски карактер,  учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии  и литературни манифестации.
Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година  преку весникот на општината, „Урбан Карпош“, веб страната на општината, веб страната на училиштето, стручни списанија, како и преку радио и телевизии (МРТВ). Одговорно лице за контакт со медиумите оваа година ќе биде директорката која формира различни тимови за организирање на настани како што се приемот на првачиња, Презентација на училиштето за родителите на идните првачиња, Брошура за училиштето, Катче за родителите, училишниот весник -  Интернет на улица, изработка на училишни флаери за одредени активности, одржување на веб страна на училиштето, организација на приредби и манифестации како и различни одбележувања сè со цел за промоција на училиштето.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Поддршка на учениците** | Континуираново текот на цела учебна година преку комуникација со наставниците подителите, учениците, родители, следење на постигнувањата на учениците, прашалници | Тимот за поддршка | Директор<br>Ученички парламент<br>Стручни соработници<br>Родителите |
| **Оценување** | Четири пати во годината<br>Анализи,Анкетни прашалници , | Тим за оценување | Директор<br>Ученици/Ученички парламент<br>Родителите |
| **Безбедност** | Континуирано,<br>По пат на следење на извештаите,разовори и средби со ученици, родители<br>И Состаноци на советот на родители | Тим за безбедност | Директор<br>Сручни соработници<br>Ученички парламент<br>Родителите<br>Училишен одбор |
| **Грижа за здравјето** | Континуирано преку водење на евиденција и извештаи | Тим грижа за здравјето | Директор<br>Стручни соработници<br><br>Родителите |
| **Училишна клима** | Анкети | Тим за училишна клима | Директор<br>Родителите<br>Ученици |
| **Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар** | Квартално, преку анализи | Тимот за професионална ориентација | Стручни активи<br>Директор<br>Наставнички совет |
| **Соработка со родителите** | Два пати годишно<br>Преку дебати , состаноци со родителите, проверка на веб страната,извештаи и анкетни прашалници | Тим за **Соработка со родителите** | Директор<br>Родителите<br>Совет на родители<br>Наставнички совет |
| **Комуникација со јавноста и промоција на училиштето** | Извештај после секоја остварена активност | Тим за **Комуникација со јавноста и промоција на училиштето** | Директор<br>Родителите<br>Локалната самоуправа<br>Училишен одбор |

## 24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на годишната програма ќе се спроведува континуирано во текот на целата година. Тимовите вклучени во имплементацијата на годишната програма ќе имаат за задача да: ја следат и вреднуваат работата на наставниците, постигнувањата на учениците, реализацијата на сите програми имплементирани во годишната програма. Директорот на училиштето како раководен орган ќе биде вклучен во следењето на реализацијата и ќе биде имформиран за реализацијата, сите следења,добиени податоци и согледувања.Ќе се следи реализацијата на редовната настава од страна на стручната служба и директорот на училиштето по пат на посети на часови, проверки на дневни подотовки со претходно утврден распоред, протоколи и инструменти. Тимовите за додатна и дополнителна настава со посебни изготвени инструменти за следење ќе имаат за задача да ги проследат редовноста и квалитетот на нивното реализирање. Тимот за слободни ученички активности исто така ќе треба да реализира проверки за редовноста и квалитетот на нивното реализирање. Исто така овој тим ќе има за задача да спроведе анкетен прашалник за учениците и родителите колку се задоволни од секцијата/ клубот и дали учеството во нив ги исполнило нивните очекувања и дали и што во иднина нешто би промениле. Тимовите за екскурзии и за акциите кои ќе се реализираат ќе изготват извештаи за реализираноста на истите.Тимот за професионален развој ќе има за задача да ја следи реализацијата на професионалниот развој на наставниците по пат на нивните извештаи и тоа ќе го бележи со посебен инструмент и ќе изготви извештај за д се она што се реализирано од планираните активности , доколку не е да укаже на причините зошто не е реализирано . УИТ ќе ја следи работата на секој инклузивен тим и ќе го следи напредокот на овие ученици. Секој носител на активност во училиштето за секоја своја активност ќе бележи колку целите се реализитале, какви се исходите и потребата од некаква евентуална промена. За тоа е должен да има свое потфолио со доказен материјал од фотографии, инструменти, изработки, работни листови, инструменти за следење и оценување. Своите постигнувања ќе ги презентира на стручните активи и на одделенските и наставнички совети на полугодие и крајот на годината каде ќе се дискутира, ќе се формираат заклучоци за реализираноста и постигнатото, а доколку има потреба ќе се дадат одредени препораки. Стручната служба ќе спроведе неколку истражувања: предзнаењата, можностите и способностите на учениците во прво одделение;брзина на читањето и логичко читање во второ и трето одделение; прилагодувањето на учениците од одделенска во предметна настава, насилство во училиштето, мислење на учениците за реализирањето на наставата.Исто така ќе се спроведе прашалник родителите за нивното мислење и став за реализирањето на програмите и активностите во училиштето. Ќе се спроведе и прашалник за квалитетот на односи меѓу сите структури во училиштето.Сите наставници,тимови , активи на полугодие и на крајот на годината ќе изготват извештаи кои училишниот тим за изготвување на полугодишен и годишен извештај ќе го имплементира во училишните извештаи.

## 25. Заклучок

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022-23 година треба да се реализира од 01 септември 2022 година до 31 Август 2023 година. Таа е работена врз основа на Програмата за развој на училиштето , Самоевалуацијата 2018-20,2020-2022 година врз основа на Извештајот на училиштето за учебната 2021-22година, Законот за основно образование (2019) , правилници ,упатства изготвени од страна на МОН и БРО,како и бројни прирачници кои се наведени во Користена литература. За нејзината подготовка се формираа тимови кои работеа на одредени подрачја и програми.Изготвена е по Правилникот за изработка на годишна програма излезен на страната на МОН во месец јули 2020 год. и ги содржи сите подрачја предвидени со него.Таа е поделена во два дела. Првиот дел е повеќе теоретски, додека во вториот дел се содржат прилозите.
Годишната програма ги опфаќа сите засегнати страни во воспитно образовниот процес преку различни сегменти кои сите заедно интегрирани и реализирани ќе дадат квалитет и ќе бидат за добробит на сите ученици во училиштето сметајќи на поединечниот и заеднички успех на образовен и воспитен план. Исто така во неа се имплементирани и програмите за работа со талентирани , деца кои имаат посебни образовни потреби , ученици кои имаат потреба од било каков вид на заштита и поддршка. Постои и тим за професионална ориентација на учениците кои како и секоја учебна година и оваа има изготвено план за правилна едукација, давање сугестии организирање на средби и сл. за да можат учениците правилно да го одберат своито идно образование. Во интерес на учениците е и добро подготвен наставен кадар кој преку постојани лични едукации го подобрува, збогатува и редефинира своето знаење за што тимот за професилонална оријејнтација има изготвено училишен план. Тука се имплементирани програмите на стручните активи . Исто така во годишната програма се имплементирани планови и програми за за соработка со родителите како трет партнер во спрегата наставник – ученик родител. Во рамки на годишната програма се вклучени и програми и планирања за соработка со други институции и со локалната средина .
За имплементирањето на програмите од Годишната програма за работа на училиштето во делот за самоевалуација на годишната програма е даден начинот на кој истите ќе се вреднуваат.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Катерина Ташкова – директор
Татјана Неческа- педагог

Зорица Јаневска-психолог
Павлинка Манолева Иванова-предметен наставник
Љупка Миленковиќ Живковиќ- предметен наставник
Маја Лазаревска – одделенски наставник
Елизабета Милева Бакија- одделенски наставник
Фросина Пејоска- претседател на Ученички парламент
Красна Каранфиловска – Ученички правобранител

## 27. Користена литература


1. Годишна програма за работа на училиштето 2019/20 год.
2. Годишна програма за работа на училиштето 2020/21 год.
3. Годишен извештај за работата на училиштето 2019/20 год.
4. Годишен извештај за работата на училиштето 2020/21 год.
5. Полугодишен извештај за работата на училиштето 2020/21 год.
6. Самоевалуација на училиштето 2018-20 год.
7. Програма за развој на училиштето 2019- 23 год.
8. Наставен план за учебната 2021-22 год.-БРО
9. Наставни програми по предмети
10. Концепција за воннаставни активности
11. Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
12. Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта
13. ПРАВИЛНИК ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗВАЊАТА НАСТАВНИК - МЕНТОР И НАСТАВНИК СОВЕТНИК И НАЧИНОТ НА СТЕКНУВАЊЕ
14. Програма за социоемоционални вештини
15. Упатство за настава во продолжен престој на ученици во иста паралелка
16. Упатство за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки
17. Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование
18. Правилник за реализирање на екскурзии во основното образование
19. Статутот на училиштето
20. Нормативи за работните места на вработените
21. ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА
22. Упатство за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотреба и занемарување

23. Правилник за формата и содржината и начинот на водење на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник во основното училиште
24. Водич за инклузивни тимови
25. Програма за туторство во основното образование
26. ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА НАСТАВНИК-ПРИПРАВНИК И СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-ПРИПРАВНИК И ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ
27. ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ ВО РАМКИТЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ТЕКОТ НА 4О-ЧАСОВНА РАБОТНА НЕДЕЛА
28. Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот
29. Правилник за формата и содржината на Уверението за положен стручен испит
30. Демократско учество на учениците во училиштето-прирачник за наставници и стручна служба- УСАИД
31. Научни ученички клубови- УСАИД
32. Водење на динамичко училиште- Константин Н. Петковски;Мирјана А. Алексовска
33. Унапредување на насатавата по математика и запознавање на околината од i-IIIодд.-УСАИД
34. Современа наставна практика-УСАИД
35. Настава и учење на 21-от век/прирачник за наставниците од основните училишта – УСАИД
36. Училиштето и заедницата- Фондација чекор по чекор/УСАИД
37. Практикум за настава и учење на 21-от век/прирачник за наставниците од основните училишта – УСАИД
38. Професионален и кариерен рразвој во основните и средните училишта
39. Основни Професионални компетенции и стандарди за стручните соработници
40. Стручен соработник од почетник до ментор и професионален и кариерен пазвој на сртучните соработници во основните и средните учичишта
41. Прирачник за следење на работата и планирање на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта
42. Упатство за начинот и формата на менторската поддршка на наставниците-приправници и стручните соработници приправници во основните и стрените училишта
43. Прирачник за училишните одбори за основни и средни училишта.
44. Прирачник за социјалните вештини и одговорности на наставници и стручни соработници во училиштата
45. Основни професионални компетенциии стандарди за наставниците
46. Самоевалуација по мерка на детето

47. Практикум за интегрирање на мултикултурно учење во наставта за основно и средно образование
48. Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта
49. За образование на настабници-Разбирање на поучувањето и учењето за поучување- Џон Локран/ Арсламина
50. Самоевалуација на училиштето 2020-22 год.
51. Годишна програма за работа на училиштето 2021/22 год.
52. Годишен извештај за работата на училиштето 2021/22 год.
53. Полугодишен извештај за работата на училиштето 2021/22 год.

Датум МП Директор

28.06.2022 година ---------------------------------

Скопје Катерина Ташкова

Претседател на Училишен Одбор

----------------------------------------------

Зоран Киткањ

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**-**Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за воннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште

-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

-Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште